

Георги Димитров Шкорнов - Ѓакон Евстатиј (1873 - 20. III. 1934) е македонски национален деец,  ѓакон и војвода на Македонската револуцинерна организација. Бил послушник во Зографскиот манастир, а потоа како ѓакон Евстатиј бил во Пловдив, Солун, Софија и Букурешт, а потоа се враќа во Битолско каде се приклучува на Македонската револуционерна организација. Учествува во Илинденското востание во 1903 г., а по неговото задушување активно учествува во борбите против туѓите оружени пропаганди. Со своја чета зел учество во Првата балканска војна 1912 година, како и во Првата Светска Војна.

Георги Димитров Шкорнов е роден во 1873 година во селото Нострам, Костурско, Егејскиот дел на Македонија, во семејството на Марија и Димитар Шкорнови. Во 1888 година, татко му кој бил трговец со волна и петнаесет години кмет на Нострам, го испратил Георги на петнаесетгодишна возраст да биде послушник во Зографскиот манастир. Набргу потоа младиот Шкорнов се вклучува во борбата за создавање на самостојна македонска црква. Тоа бил период кога во борбата со Бугарската егзархија за зачувување на автономијата на црковно-училишните општини во Македонија, активно учество земаат и македонските ученици.

По создавањето на бугарската држава, борбата против Егзархијата особено била изразена кај младите во Битолската, Скопската и во Солунската гимназија. Речиси сите македонски ученици се спротивставуваат на бугарската пропаганда која ја спроведува Бугарската егзархија. Повеќе македонски општини (Солун, Дојран, Воден, Кукуш, Струмица и Малешево) се отцепуваат од Егзархијата и решаваат да влезат во Унија со Католичката црква, бидејќи во Отоманската империја немало услови за обновување на Охридската архиепископија. Во декември 1891 година, во Скопје, дури Теодосиј Синаитски води разговори со Бонети, претставник на Католичката Црква во Цариград, во кои бара обновување на Охридската архиепископија за канонско единство со Римската црква.



[illegible]